## СОЦИОЛОШКА ТРИБИНА

**Торе БОГ**

# ГРАЃАНИНОТ ВО СИСТЕМ ОД КОНЦЕНТРИЧНИ СФЕРИ (ЛОКАЛНА, НАЦИОНАЛНА, ДРЖАВНА И МЕЃУНАРОДНА). ПРАВА И ОБВРСКИ*

Уводни белешки.

Би сакал да истакнам две работи:

- Ќе зборувам првенствено од академска гледна точка, а не во прилог на некаква тековна политичка дебата. Човек може да ја разработи темата со цел да изврши влијание врз определбите. Тогаш се работи за пропагирање. Јас ќе останам во границите на она што може или се чини дека е *потврдено,* и нема да правам обид за фаворизирање на одреден вредносен систем.
- Сепак, ова не значи дека ќе презентирам научен труд во ова топло и прекрасно саботно утро во Скопје. Ќе зборувам слободно врз основа на некои мои сеќавања и искуства. А и овде ги немам со себе своите белешки.

*

* *

Се одлучив за наслов којшто можеби се чини доста сеопфатен. Ова е предизвик. Сторен е како обид во неколку збора да се сумира суштината на човековото тежнеење низ целокупната историја. Независно од аспектот кој ќе го избереме: развојот на политичката мисла од античко време; миграции и освојувања; раѓање на нации, робување и потчинетост; криминал и казна, слобода и привилегии – се е поврзано со сферите и поединецот во центарот. Се разбира, би можеле да додадеме уште многу други прстени, почнувајќи од семејството и пошироката околина. И, секако, тука е сферата на јазикот, религијата и ентитетот, кои не секогаш се во

* Предавање одржано на Филозофскиот факултет на 8 јуни 1996 година, во организација на Здружението на социолозите на Република Македонија.

согласност со државните. Важна работа што треба да се запомни е дека во конечната анализа сé се сведува на Човекот и неговите контакти со пошироките сфери. Се произлегува од овие односи. И независно од тоа каков сјај или руво се обидуваме да им дадеме: побожност, морално однесување, територијална одбрана, историска нужност, културни вредности или нешто друго, ова е она за што расправаме.

Концептот за Човекот во пошироките слоеви кои го опкружуваат не е ништо ново.Тој постои како филозофски пристап со векови.Сепак добро е да се потсетиме на него во време кога се повикуваме на лојалноста,кога се упатуваат апели за зачувување на посебноста и да се замени националното единство со регионална соработка. Или, ако сакате, да се обрне поголемо внимание на една *поширока* наместо потесна сфера но, сепак од гледна точка на поединецот во центарот. Проблемот е во тоа што овие прстени постојат околу секој поединец. Секој се бунтува за вредностите и правата на *својот* систем од пошироки и потесни сфери.

Ваквата централистичка тенденција е генетичка. Ќе наведам неколку примери. Тоа е, да речеме, „назад во корените".Многу од конфликтите во светот настанале токму поради спротивставените натегања и притисоци меѓу влијателните сфери поблиску и подалеку од поединецот. Не изненадува што во дамнешни времиња, во недостиг на комуникациски системи и мало познавање на другите општества, постои тенденција за сфаќање на непосредната околина како единствено значајна. Ова е одразено во јазикот. На пример– зборот *deutsch* значи *луѓе,* или, со други зборови *нивни* луѓе, Германци. На ист начин Ескимите се нарекуваат *inuit,* нивни збор за човек. Земете ги *Ромите. Ром* исто така значи човек. Или да ја земеме Кина, *Chung-goa* на кинески значи *земја во центарот.* Постојат многу примери.

Централистичкиот концепт се пренесува низ вековите, во историјата на народите, усна и писмена, во легендите и поезијата. Ова е природно, и веројатно неодминливо. Мора да се прифати како дел од животот. Во исто време мора да сфатиме дека тој неизбежно содржи примеси на немир и претензии. Конфликтот наставува поради затегнатост и притисоци *внатре* во системот, помеѓу сферите, големи и мали.

Можно ли е сиве овие човечки односи, текот на човековата историја, страдањата и победите, да се сведат на еден холографски систем од концентрични сфери? Секако дека не. Но ова е средство за подобро разбирање како човекот делува и реагира, и како ќе се однесува во иднина.

А сега да погледнеме како општествата постојано се обидуваат да ја поттикнат и зајакнат преданоста кон групата, денеска најчесто кон – нацијата или државата. Јас не познавам земја во која сум престојувал или сум ја посетил која не ја опишува својата историја како години, не, *векови* на борба за зачувување на границите од туѓи напади, на страдања во рацете на напаѓачи или окупатори, но со слободарскиот дух кој живее во луѓето, тие извојуваат победа над противниците или ја остваруваат својата заслужена независност. И се разбира, глетката е поубава во земјата на претците, а луѓето се подоблесни и похрабри од каде и да е. За ова наоѓаме илустрација во *националните химни.*

Овој феномен е толку универзален што мора да заклучиме дека се работи за основна човечка карактеристика. Таа служи за воспоставување на врска помеѓу поединецот и луѓето во неговата непосредна околина. Токму затоа, сигурно има доста позитивни елементи. Вие се идентификувате со групата и тоа ви дава чувство на сигурност.

Проблемот е во тоа што ова чувство на припадност, или чувството дека сме нешто *посебно* заедно со другите речиси секогаш води кон претерување. Тоа води кон она што јас го нарекувам „пренараснато чувство за остварување на целта". Ова за возврат лесно води до судири со другите кои имаат сличен природен нагон за заштита и промовирање на *своите* специфични вредности. Или, една група може дури и да поседува доволно физичка сила за *наметнување* на својата волја над останатите, на пример преку државните инструменти. Класичен пример: Римската империја.

Повторувам: Сево ова произлегува од централистичката тенденција која мораме да ја прифатиме како вродена (новороденчето не признава други интереси освен сопствените!). Би било грешка да се игнорира ваквата тенденција, колку и да ја критикуваме.

Да се осврнеме на *меѓународната* димензија: последниов половина век осведочи голем број значајни, делумно успешни обиди за постигнување на општо, светско прифаќање на одредени основни права на граѓанинот, независно од групата на која и припаѓа или местото каде што живее. Ова започна со Декларацијата за човекови права на Обединетите нации во средината на овој век, а беше проследено со декларациите на Советот на Европа и ОБСЕ. Би можеле да се наречат морални кодекси за државно однесување. Доблесната цел на овие инструменти е да се воспостави врска, директна врска помеѓу граѓанинот, *секој* граѓанин, и Европската или светската заедница. Дали ваквиот однос е во спротивност со

природните тенденции? Дали е изводлив? Може ли да се оствари без употреба на ефективна меѓународна полициска сила? (Осврт на Босна и ИФОР и Хашкиот суд за воени злосторства. Исто така во современиот свет поддршка за Бурманскиот опозиционен лидер Аунг Сан Су Кјуи.) Од социолошката гледна точка особено е интересно да се проучи како граѓанинот ќе се постави кон меѓународната, заштитна покривка.

Во основа не би требало да постои никаков конфликт меѓу државата и меѓународната заедница при спроведувањето на овие правила или кодекси. На крајот на краиштата владите се согласија да се придржуваат кон нив и во голема мерка ги прифатија во домашното законодавство. Со сигурност може да се рече дека во најголем број држави не постои проблем при прилагодувањето на законите и правните системи кон меѓународните барања. Но сум забележал една *посебна* пречка во некои земји, и таа е поврзана со моделот што го опишав: граѓанинот е навикнат да се потпира на неговата непосредна, „природна" група на приврзаници. За него може да биде тешко да согледа дека постојат општоважечки принципи валидни во неговата земја и поддржани од меѓународното тело, правила на кои тој може да се повика преку правници и судови. И дека тоа може да го стори како *граѓанин,* а не како припадник на етничка или религиозна група. Низ вековите поединецот се потпирал на својата непосредна околина. Јас не велам дека ваквата потпора ќе исчезне. Она на што се надеваме, и што навистина се случува, е она што е пропишано во меѓународните декларации целосно да се отелотвори во националното живеење, и граѓанинот да настапи на сцена со правото на граѓанин.

Ова беше мала дигресија во полето на политиката. Да и се вратиме на социологијата како наука: реков дека поединците веројатно нема да се откажат од својата приврзаност кон групите и нациите. Во овој контекст се осврнав и на генетскиот фактор. Земајќи го предвид она што ни е *познато* за човековата тенденција на идентификација со луѓето во околината мора да очекуваме дека тој ќе ги користи и меѓународните кодекси за промовирање на целта на групата. Ова води кон една интересна работа:

Внатре во *поблиските сфери* – локална, етничка или национална – обично постои двонасочна врска. Поединецот има *обврски* исто како и права. И постои одредена рамнотежа помеѓу нив. Доволно е да се спомнат *даноците* или обврската за служење на воениот рок. Или, во однос на религијата, обврската да се следат пропишани ритуали и да се негува одредено однесување. Наспроти *меѓународната заедница* и многуте нејзини декларации во кои се

чини дека постои само систем од *права*. Разбирливо е зошто е тоа така. Ваквите декларации и принципи се донесени како одговор на широко распространети *насилства* во многу земји. Затоа е значајно да се промовираат некои граѓански права кои се веќе општо прифатени во традиционалните демократии. Но во оваа широка сфера не се најде за потребно да се назначат *обврски*. И веројатно не би било ни можно. Но ние, како *научници,* би требале да сфатиме дека „меѓународната сфера" се разликува од останатите по тоа што не поднесува барања до граѓанинот во центарот, туку само му гарантира *права*.

Ова значи дека луѓето во потесните сфери можат слободно да се повикуваат или да ги цитираат привилегиите загарантирани од меѓународната заедница. Ова е суштината. И тие по потреба можат да ги користат декларациите и принципите против другите сфери, како што е државата. И повторно, ова е и целта. Мора да сфатиме дека со ваков список од права *групата како таква* може да ги негува своите специфичности. Ова може да доведе до конфликт, особено доколку не постои обид за *идентификација* со пошироката заедница, доколку не постои желба за превземање одговорност заради нејзина добросостојба, не постои наклоност за прифаќање на обврските кои не се наметнати.

На почетокот ветив дека нема да промовирам некакво учење, дека нема да проповедам. Но сепак на крајот дозволете ми да дадам еден коментар кој можеби не е целосно ослободен од политичка содржина: кога би постоела *една* оврска која треба да се почитува како возврат за правата загарантирани од меѓународната заедница, треба да биде следнава: обврската да не се дозволи ниедно убедување или приврзаност да прерасне во агресија или насилство. Со други зборови: обврската во критичен момент да се заузди „пренараснатото чувство за остварување на целта".